Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 59-тата седница одржана на 14.01.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-4437/1 од 23.09.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со архивски број 12-4437 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-4437/1 од 23.09.2019 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомнежи за незаконско именување заменик директор на ///. Се истакнува дека лицето во 2003 година било осомничено за ///. Од ДКСК се бара го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Докази кон пријавата не се приложени.

Со цел остварување на своите законски надлежности, за овој конкретен случај, ДКСК, побара податоци, информации и документација од страна на Владата на Република Северна Македонија, на што беше доследно постапено, па со увидот во доставеното, произлезе дека на функцијата заменик директор на означената

институција во пријавата, не е именувано лице кое одговара на изнесените наводи. Оттаму произлезе дека сомнежите во пријавата се неосновани.

Согласно горе наведеното, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување, заради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Горан Трпеноски**

Изработил: м-р Д. Д.